Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Р.Македонија“ бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија“ бр 89/22 и 171/22), **Општина Штип,** на ден 18.02.2026 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планската документација за Детален Урбанистички План за дел од урбана четврт ЦЕ 01, КО Штип 3, Општина Штип, со основна класа на намена А-Домување кој се носи согласно Генералниот урбанистички план на Град Штип за 2014-2029 (одлука бр. 08-7987/1 од 31.12.2022 год.), важечки урбанистички план надвор од предметниот опфат ДУП за дел од центар УМ 1 и 2, донесен со одлука бр: 0701-3582/1 од 24.11.2006 и Одлука бр: 07-8707/1 од 10.12.2012год., со број 18-5570/2 од 13.09.2024 год., ДУП за дел од нас. Автокоманда дел од УБ.6, донесен со одлука бр: 0701-2152 /1 од 22.12.2004 и 08-2309/1 од 22.04.2019, со број 18-5569/2 од 10.09.2024год., ДУП: за улица “Вардарска“, донесен со одлука бр 0201-3826/1 од 16.12.1982, со број 18-4982/2 од 10.09.2024 год., и ДУП: на населба МЗ.3 Горно Маало, донесен со одлука бр. 0801-794/1 од 25.03.1985, со број 18-5571/2 од 10.09.2024 год., не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.stip.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животната средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планската документација за Детален Урбанистички План за дел од урбана четврт ЦЕ 01, КО Штип 3, Општина Штип, со основна класа на намена А-Домување нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Целокупните активности во оваа област ќе се насочуваат кон обезбедување на непречен просторен развој, при што би се обезбедила квалитетна, здрава и хумана средина за живеење, престој и работа. Во границите на планскиот опфат се предвидени градби од класите: А-домување и престој, Б - Комерцијални и деловни намени, Д-Зеленило, спорт рекреација и меморијални простори и Е-инфраструктура како и класи кои се компатибилни на основните класи. Како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој, со создавање услови за планирање на организиран простори, дефинирање на оптимални решенија за организирање на основните функции преку анализа на постојната состојба и создавање на основна концепција за планирање на површини со конкретни просторни сообраќајни и инфраструктурни решенија. Поради ова целта на изработка на ДУП-от е формирање и дефинирање на градежни парцели, добивање на максимална површина за градба согласно законите. Врз основа на детална анализа на постојната состојба и дефинираните цели на развојот, што се детерминирани согласно ГУП за град Штип, во границите на планскиот опфат не постојат објекти кои би влијаеле на загрозувањето на животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.УП 1 бр.18/25-12
Штип
м-р СТ

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов